Одговори на Прашања во врска со Отворена постапка Бр. 41-12806/2 за доделување на договор за универзален снабдувач со електрична енергија

Датум: 28 декември 2023

1. Со цел исполнување на сите услови од точка 2.4.1, Ве молиме потврдете дека мајката компанија, која поседува 100% од акциите, на економскиот оператор кој поседува лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од РКЕ на Република Северна Македонија може да даде поддршка во делот на економската и финансиската состојба на економскиот оператор.

**ОДГОВОР:** Почитувани, во врска со погоренаведеното прашање, го даваме следниов одговор: Во тендерската документација во точка 2.4.1. е наведено дека „За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договорот за универзален снабдувач од аспект на неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- остварен збирен позитивен финансиски резултат (добивка) во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија,

- позитивен збирен износ на капитал и резерви во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија,

- работен капитал во износ од најмалку 40 милиони евра,

- инструменти за обезбедување на плаќањата кон операторите на системот и учесниците на пазар на електрична енергија од кои набавиле електрична енергија за потребите на малите потрошувачи и домаќинствата.''

Истовремено ве известуваме дека Економската и финансиската способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект. Ако економскиот оператор ја докажува својата економска и финансиска способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните финансиски средства, согласно точка 2.4.6 од тендерската документација..

Согласно точка 2.4.7 од тендерската документација, ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на економски оператори настапува со финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиска состојба се утврдува согласно напред наведеното.

Од сето претходно произлегува дека мајката компанија која поседува 100% од акциите, на економскиот оператор кој поседува лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од

РКЕ на Република Северна Македонија може да даде поддршка во однос на исполнување на условите за докажување на економската и финансиската состојба на економскиот оператор, во делот на работен капитал и инструмент за обезбедување на плакање, како што се наведени во алинеја 3 и 4 од точка 2.4.1 од тендерската документација. Исполнувањето на минималните критериуми „остварен збирен позитивен финансиски резултат (добивка) во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија" и „позитивен збирен износ на капитал и резерви во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија" како што е и наведено во алинеите 1 и 2 од точка 2.4.1 од тендерската документација се однесува на „економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија"

2. Ве молиме потврдете дека во случај на поднесување на групна понуда, член на групата кој не поседува лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од РКЕ на Република Северна Македонија и не поседува решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија издадено од РКЕ, може да даде поддршка во делот на условите за економска и финансиска состојба и на тој начин ќе се смета дека групата понудувачи ги исполнува сите барања од точка 2.4.1. Исто така ве молиме потврдете дека ревидирани финансиски извештаи (биланси на состојба и успех кои биле предмет на комерцијална ревизија) за членот на групата кој ги исполнува условите од точка 2.4.1. се задоволителен доказ, како и дека финансиските извештаи на сите членови на групата ќе се разгледуваат кумулативно, односно со земање предвид на нивните вкупни финансиски ресурси.

**ОДГОВОР:** Почитувани, во врска со погоренаведеното прашање, го даваме следниов одговор: Во тендерската документација во точка 2.4.1. е наведено дека „За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договорот за универзален снабдувач од аспект на неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- остварен збирен позитивен финансиски резултат (добивка) во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија,

- позитивен збирен износ на капитал и резерви во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија,

- работен капитал во износ од најмалку 40 милиони евра,

- инструменти за обезбедување на плаќањата кон операторите на системот и учесниците на пазар на електрична енергија од кои набавиле електрична енергија за потребите на малите потрошувачи и домаќинствата.''

Истовремено ве известуваме дека Економската и финансиската способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект. Ако економскиот оператор ја докажува својата економска и

финансиска способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните финансиски средства, согласно точка 2.4.6 од тендерската документација.

Согласно точка 2.4.7 од тендерската документација, ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на економски оператори настапува со финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиска состојба се утврдува согласно напред наведеното.

Од сето претходно произлегувадека член на групата кој не поседува лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од РКЕ на Република Северна Македонија и не поседува решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија издадено од РКЕ може да даде поддршка во однос на исполнување на условите за докажување на економската и финансиската состојба на економскиот оператор, во делот на работен капитал и инструмент за обезбедување на плакање, како што се наведени во алинеја 3 и 4 од точка 2.4.1 од тендерската документација. Исполнувањето на минималните критериуми „остварен збирен позитивен финансиски резултат (добивка) во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија“ и „позитивен збирен износ на капитал и резерви во последните три години за економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија“ како што е и наведено во алинеите 1 и 2 од точка 2.4.1 од тендерската документација се однесува на „економскиот оператор кој врши енергетска дејност снабдување со електрична енергија“

**Во однос на ревидиран финансиски извештај упатуваме на 2.4.3 од тендерската документација:**

- потврда за работен капитал (извод од банкарска сметка) или обезбедена поддршка од финансиска институција (меница) или поврзан субјект со кој ќе се гарантира дека економскиот оператор во секој момент ќе има пристап до финансиски средства во висина од 40 милиони евра. Доколку потврдата ја издава поврзан субјект истиот потребно е да достави:
    - извештај за билансот на состојбата и податоци од биланс на успех кој го издава Централниот регистар на Република Северна Македонија за последните три години, или извод од банкарска сметка,
    - ако поврзаниот субјект е странско лице, потребно е да достави ревизорски извештај од независен ревизор, за последните три години

3. Согласно точка 2.3.2, Ве молиме потврдете дека во случај на поднесување на групна понуда, условот за поседување на лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од РКЕ на Република Северна Македонија или поседување решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија издадено од РКЕ може да биде задоволен од страна на еден член во групата.

**ОДГОВОР:** Согласно точка 1.6.3 од тендерската документација, составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон Владата на Република Северна Македонија се обврзуваат за извршување на договорот. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот,
- членот на групата кој во име на групата економските оператори ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција.

Докази за исполнување на критериумите за вршење на професионална дејност се:

- документ за регистрирана дејност снабдување со електрична енергија, регистриран како физичко или правно лице, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија.

- копија од лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика или копија од решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија издадено од Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи предвид дека согласно точка 1.3.1 од тендерската документација Предмет на договорот е – вршење на дејноста универзален снабдувач со електрична енергија, носителот на групната набавка треба да ги достави Доказите за исполнување на критериумите за вршење на професионална дејност .

4. Ве молиме потврдете дека како поддршка за исполнување на условите согласно точка 2.3.2 за учесникот кој е странско правно лице кое поседува лиценца за снабдување со електрична енергија во земја членка на Европската Унија, може да се јави друштво во Република Северна Македонија во кое странското правно лице поседува 100% од акциите.

**ОДГОВОР:** Согласно Вашето прашање, го даваме следниов одговор: согласно точка 2.3.2 од тендерската документација економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност снабдување со електрична енергија, регистриран како физичко или правно лице, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;

- копија од лиценца за снабдување со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика или копија од решение за упис во регистарот на странски трговци и снабдувачи на електрична енергија кои што можат да вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија издадено од Регулаторната комисија за енергетика.

5. Ве молиме потврдете дека согласно точка 4.2 сите изјави, договори и технички анекси потпишани со трети лица кои економскиот оператор може да ги поднесе како докази за исполнување на способноста може да бидат напишани на англиски јазик.

**ОДГОВОР:** Согласно точка 4.2.1 од тендерскара документација, Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

Согласно точка 4.2.2 од тендерската документација, Придружните документи и печатената литература, кои се дел од понудата, може да биде и на друг јазик. Јавниот партнер го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

6. Дали постои образец кој може да биде користен за изјавата дека не постои конфликт на интерес согласно точка 4.1.1?

**ОДГОВОР:** Се работи за техничка грешка и направена е соодветна измена на тендерската со која не е потребно поднесување на оваа изјава од страна на економскиот оператор.

03-13447/2
20-12-2023

Претседател на Комисија

Академик Глигор Каневче